20250821799

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 42-б од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ ПРОСТОРНИ, МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ, ИНФОРМАТИЧКИ, КОМУНИКАЦИСКИ И БЕЗБЕДНОСНИ УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИСПИТОТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА, НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИСПИТОТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИСПИТОТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

## Предмет на правилникот

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските просторни, материјално-технички, информатички, комуникациски и безбедносни услови за организирање на испитот во електронска форма, начинот на организирање на испитот, како и формата и содржината на договорите за организирање на испитот во електронска форма.

## Просторни услови

Член 2

Испитот во електронска форма (во натамошниот текст: испитот) се организира во простории кои ги исполнуваат следните услови:

- пространост од 1 м растојание помеѓу кандидатите и спречување на физички контакт меѓу нив;
- индивидуална маса и столица за секој кандидат и
- посебно поставена индивидуална маса и столица за лица со попреченост и
- овозможена пристапност за лица со попреченост (пристапна рампа и широчина на врата).

## Материјално-технички услови

Член 3

(1) Испитот се спроведува со употреба на информатичка опрема која ги исполнува следните поблиски услови:

- инсталиран оперативниот систем;
- инсталиран и ажуриран софтвер потребен за полагање на испити;
- внатрешна компјутерска мрежа со заштитен пристап и
- инсталиран антивирус.

(2) Во просторијата е поставен дисплеј за објавување на резултати заедно со името и презимето на кандидатот кој полага испит во електронска форма.

(3) Во просторијата има непрекинато напојување со електрична енергија и резервен извор на енергија.

**Информатички и комуникациски услови**

Член 4

(1) Интернет-врската за организирање на испитот е стабилна, со висок капацитет и со сигурносни механизми за заштита на податоците.

(2) За време на спроведување на испитот мрежниот пристап до компјутерите во просторијата за полагање, како и мрежниот пристап до модулот и базата на прашања за испити е ограничен.

(3) Двајцата информатичари од редот на вработените во Министерството за дигитална трансформација се присутни во случај кога има технички проблем и е потребна нивна интервенција.

(4) Системот за полагање овозможува следење, евидентирање и анализирање на мрежните пристапи до компјутерите во просторијата за полагање и до мрежниот пристап до модулот и базата на прашања за испити.

**Безбедносни услови**

Член 5

(1) За време на испитот е обезбедено видео снимање на процесот на полагање, кој се чуваат во Министерството за дигитална трансформација најмалку две години од датумот на полагањето.

(2) Радиофреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испит е блокиран во просторијата за полагање на испитот со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(3) Времетраењето на извршените мерења за радиофреквенцискиот опсег од став (2) на овој член, мерната опрема која обезбедува електронски запис за мерењата и складирањето во централниот контролен систем е утврдено со закон.

(3) Во просторијата за полагање на испитот има систем за контрола на пристап за да се спречи влез на неовластени лица.

**Начин на организирање на испитот**

Член 6

(1) Испитот се организира според однапред утврден распоред кој го изготвува Министерството за дигитална трансформација.

(2) Пред почетокот на испитот, кандидатите се идентификуваат со важечки личен документ.

**Форма и содржина на договорите**

Член 9

(1) Договорите за организирање на испитот во електронска форма треба да содржат:

- назив на страните кои го склучуваат договорот;
- предмет на договорот;
- времетраење на договор;

- временска рамка за спроведување на испитот;
- детален опис на техничките и просторните услови;
- обврските на договорните страни;
- износ на надоместокот за организирање на испитот согласно тарифникот;
- начин, услови и рокови на плаќање;
- услови за раскинување на договорот;
- доверливост и заштита на лични податоци;
- решавање на спорови и
- општи и завршни одредби.

(2) Договорите од ставот (1) на овој член, се изработуваат во хартиена форма во четири (4) примероци, по два (2) за секоја страна.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-367/3
17 април 2025 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски,** с.р.